

## Што да направам доколку откријам нелегална продажба на алкохол?

Пријавете на Царинската управа на бесплатната телефонска линија 197 или кај најблиската царинска испостава

## Кои се казните за нелегално производство и продажба на алкохол?

Високи парични казни, привремена - забрана за вршење на дејност, а за посериозните прекршувања предвидена е и казна затвор.



**ПОДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ:**

Подетални информации може да најдете на интернет страната на Царинската управа **www.customs.gov.mk** во делот наменет за патници или на телефон 02 3 116 188.

**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# НЕ
# ЗА НЕЛЕГАЛНИ
## АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ



**www.customs.gov.mk**

## Зошто се произведува и продава?

Лесна добивка. За нелегалните производи не се плаќаат давачките кон државата и не се врши контрола на здравствена исправност, што ги прави поевтини во однос на легалните производи.

## Каде и како се произведува?

Се произведува во нелиценцирани дестилерии, а понекогаш и со едноставно мешање на алкохол, вода и хемикалии како што се вештачки бои и ароми без никаква здравствена контрола.





## Каде се продава?

Нелегални алкохолни пијалоци Царинската управа има откриено на зелените пазари, во ресторани и продавници.

## Кои се ризиците од конзумирање на нелегално произведени алкохолни пијалоци?

Конзумирањето на нелегални алкохолни пијалоци може да предизвика гадење и повраќање, абдоминална болка, поспаност и вртоглавица, оштетување на бубрезите или црниот дроб, па дури и кома. Метанолот, супстанцата која ја има во нелегалните алкохолни пијалоци, може да предизвика трајно слепило, па дури и смрт.

## Како да се препознае нелегално произведен алкохолен пијалок?

- не е обележан со акцизни маркички (бандероли)
- цената на пијалокот изгледа премногу добра за да биде вистинита, односно е многу пониска од реалната.
- спакуван е во нестандардна амбалажа, без етикети, со етикети со печатни грешки или е несоодветно затворен со капачиња.
- има необичен вкус или мирис, особено мирис на лак за нокти.

